**20151945372**

**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

**УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПАТНАТА ДЕЛНИЦА ШТИП - РАДОВИШ, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ И ЈП ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**

Се прогласува Законот за гаранција на Република Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на патната делница Штип - Радовиш, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и ЈП за државни патишта,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 6 ноември 2015 година.

Бр. 08-5224/1
6 ноември 2015 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

**ЗАКОН ЗА ГАРАНЦИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НА ОБВРСКИТЕ ПО ДОГОВОРОТ ЗА ЗАЕМ ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПАТНАТА ДЕЛНИЦА ШТИП - РАДОВИШ, КОЈ ЌЕ СЕ СКЛУЧИ МЕЃУ ЕВРОПСКАТА БАНКА ЗА ОБНОВА И РАЗВОЈ И ЈП ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА**

Член 1

Република Македонија го гарантира намирувањето на обврските и исполнувањето на одредбите од Договорот за заем за финансирање на патната делница Штип - Радовиш, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта во износ од 64.000.000 евра, доколку Јавното претпријатие за државни патишта не ги исполнува и сервисира обврските од Договорот за заем.

Член 2

Условите и начинот на користење на заемот се утврдуваат со Договор за заем од членот 1 од овој закон, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Јавното претпријатие за државни патишта за финансирање на патната делница Штип – Радовиш.

Член 3

Сите обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 од овој закон, како и сервисирањето на заемот ќе ги врши Јавното претпријатие за државни патишта од приходите кои ги остварува, во рокови и услови утврдени во Договорот за заем од членот 1 од овој закон.

Член 4

Рокот за отплата на заемот од членот 1 од овој закон е 15 години со вклучен грејс период од четири години.

Каматната стапка е варијабилна и се состои од шестмесечен ЕУРИБОР зголемен за маргина од 1%.

Јавното претпријатие за државни патишта ќе и плати на Европската банка за обнова и развој еднократна провизија во висина од 1% од износот на заемот.

Јавното претпријатие за државни патишта ќе и плаќа на Европската банка за обнова и развој провизија во висина од 0,5% од неповлечениот дел од заемот на годишно ниво.

Член 5

За регулирање на меѓусебните права и обврски кои произлегуваат од Договорот за заем од членот 1 од овој закон и Договорот за гаранција, Министерството за финансии и Јавното претпријатие за државни патишта ќе склучат посебен договор.

Член 6

Прометот на добра и услуги извршен кон Јавното претпријатие за државни патишта, наменети за патната делница Штип - Радовиш, финансирана со Договорот за заем од членот 1 од овој закон е ослободен од данок на додадена вредност со право на одбивка на претходниот данок.

Увозот на добра/стоки од страна на Јавното претпријатие за државни патишта, наменети за патната делница Штип - Радовиш, финансирана со Договорот за заем од членот 1 од овој закон е ослободен од данок на додадена вредност и царински давачки, како и од акциза при увоз на патнички автомобили и минерални масла.

За прометот кој е извршен кон Јавното претпријатие за државни патишта, за цели на патната делница Штип - Радовиш, финансирана со Договорот за заем од членот 1 од овој закон, за кој истото е даночен должник согласно со членовите 32 точка 4 и 32-а од Законот за данокот на додадена вредност е ослободен од обврската да пресмета и плати данок на додадена вредност.

Даночниот обврзник кој врши промет за кој е ослободен од данок на додадена вредност согласно ставот (1) на овој член, задолжително освен име (назив) на примателот на доброто или корисникот на услугата, во фактурата го наведува и називот на проектот и називот на Договорот за заем од членот 1 од овој закон.

Јавното претпријатие за државни патишта при увоз на добрата ослободени согласно со ставот (2) на овој член, на надлежниот царински орган задолжително му доставува копија од Договорот за заем од членот 1 од овој закон и изјава дека увезените добра/стоки се наменети за патната делница Штип - Радовиш, финансирана со Договорот за заем од членот 1 од овој закон.

Член 7

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.